ПРЕДЛОГ ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖЕНАТА
ОД СЕКАКОВ ВИД НА НАСИЛСТВО

Оваа Декларација претставува реафирмација на заштита на жената од секаков вид на насилство на **Декларација за борба против насилството врз жените, вклучувајќи го и семејното насилство, усвоена во Република Северна Македонија во 2006-та година.**

Собранието на РСМ на 22-ри декември **2017** година ја ратификуваше **Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство**, позната како Истанбулска Конвенција, во која клучен елемент во превенција на насилство врз жените е постигнување на де јуре и де факто еднаквост меѓу мажите и жените.

Вроденото достоинство е неотуѓиво право на сите членови на човештвото!

Во секојдневното живеење во Република Северна Македонија, колку и да не сакаме, сведоци сме на различни форми на насилни дела кои се вршат врз женскиот род.

Постојат повеќе дефиниции за насилство, кое во суштина претставува двосмислена концепција која вклучува широк спектар на морални кодови кои варираат во зависност од општеството во кое се наоѓате и културата што ве опкружува, па така и предметното дејтвие ќе се смета за насилно или социјално прифатено.

Насилството врз жени може да се појави и/или врши во повеќе облици, и тоа:

- <u>Физичкото насилство</u> кое се врши преку преземање на дејствија со употреба на физичка сила или закана дека истата ќе биде употребена;

- Психичко/психолошко насилство се манифестира преку конкретни однесувања на вршителот на насилство со цел добивање на контрола на движење и предизвикување чувство на страв, изолација, омаловажување, понижување и сл. кај жртвата;
- Вербално насилство се карактеризитра со изразување на обвинувања, навреди, закани, понижувачки критики, агресивни наредби или викања со цел уништување на самодовербата, и предизвикување на вознемиреност, напади на паника, фобии, депресија, посттрауматско стресно или сексуално нарушување, до степен на губење на социјалниот живот;
- Економско насилство е спречување на располагање со лични финансиски средства;
- Сексуалното насилство претставува вагинална, анална или орална пенетрација од сексуална природа со лице, како и наведување друго лице да се вклучи во акти од сексуална природа со трето лице, без негова согласност;
- Сексуално вознемирување на јавни простори ги опфаќа облиците на вербално, невербалбо или физичко однесување, со сексуален карактер и конотација, со цел да се повреди достоинството и да се наруши удобноста на жртвата, да се почувствува небезбедна;
- Сексуалното вознемирување на работно место ги опфаќа истите облици како и вознемирувањето на јавни простори со разлика што се случува на место каде жртвата доаѓа да работи и обезбеди егзистенција за себе и своето семејство;
- Демнењето е во форма на повторувачко опасно однесување кон друга личност во форма на закана, влевање страв и доведување во ризик на жртвата, да истата се плаши за својата безбедоност;
- Присилна стерилизација претставува присилно одземање на женското репродуктивно право преку вршење на операција со која се прекинува способноста за репродукција, притоа жената не е доволно информирана за постапката и нема дадено јасна согласност за вршење на интервенцијата;
- Фемицидот е најекстремна форма на насилство, злосторство, кое има за цел да го контролира однесувањето на жените а се

манифестира преку убиство на жена од страна на интимниот партнер или лице со кое имала блиски односи.

Претставувањето, односно дефинирањето на овие облици на насилство се со цел полесно нивно препознавање од страна на жртвата, за истата да може од надлежни институции да поднесе барање за сопствена заштита.

Форумот на жени при Либерално демократската партија, ги негува либералните вредности, и декларира дека ќе се залага за намалување на секаков вид насилство врз жените, ќе дава поддршка во борбата сè до негово искоренување, како и ќе дава заштита и помош на жртвите на насилство.

Форумот на жени на Либерално демократската партија активно ќе соработува со надлежните институции од областа на оваа проблематика, како и со невладините организации и национални мрежи, со цел координирано делување на сите нив кон унапредување на политиките и праксите во борбата против насилство врз жените.

Исто така, ќе се залага за санкционирање на сторителите, односно вршителите на насилство, и нивно јавно претставување и изразување на јавна осуда со цел превентивно делување за спречување на понатамошно насилство врз жените во каков и да било облик.

Да излеземе од затворениот круг наречен ,,табу тема”. Предлагаме, организирање на работилници, трибини, кампањи и конференции со цел зголемување на свеста за важноста на пријавување на случаите на насилство во надлежните институции од страна на жртвата, како и подобрување на техники на известување и медиумска покриеност на случаите на насилство врз жените во подигнувањето на општествената свест за борба против насилство врз жените. Жртвите на насилство треба да се свесни дека врз нив се врши одреден вид на насилство, треба да се охрабрат да го пријават случајот, да им дадеме на знаење дека нема потреба да се срамат од состојбата и стиуацијата во која се доведени, напротив, да им укажеме

дека тие ќе бидат хероините кои ќе допринесат во борбата против каков и да било вид на насилство врз жените.

Ќе поднесеме иницијативи за измена и дополнување на позитивните законски прописи кои го санкционираат насилството врз жените, со цел поголема законска заштита на женскиот род, и построги и поефикасни санкции кои ќе делуваат и репресивно и превентивно врз вршителите на насилство.

Ќе иницираме изработка на флаери/прирачници во кои ќе бидат презентирани од една страна видовите насилство и нивното штетно влијание врз физичкото и психичкото здравје на жената, а од друга страна важноста на изразување на почит кон истите, кои ќе бидат поделени во основните и средни училишта со цел едукација од најмала возраст и рана превенција на насилство, сето тоа во соработка со надлежните инситуции за социјална работа, како и со невладини организации.

Само, и само, меѓусебната поддршка на жените, ќе доведе до резултат!

Да не вртиме глава и останеме глуви на секој крик од плач и молба за помош изустен од жена, затоа што секоја жена е важна!

март 2023 година

Форум на жени на Либерално Демократска Партија